Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 14.05.2020

На 13.05.2020 во 23.45 часот, за време на забраната за движење, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Св. Кирил и Методиј" го лишиле од слобода Д.А.(26) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 13.05.2020 во 12.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Д.М.М.(35) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.05.2020 во 19.05 часот на железничка пруга Градско-Велес, на околу два километри пред влез во Велес, се случила железничка незгода помеѓу товарен воз, кој сообраќал на релацијата Гевгелија-Скопје и патничко возило „рено", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(22) од Куманово, кое претходно ја изминало оја патот и паднало на пругата. По незгодата, возачот Б.Д. и сопатникот А.К.(25), С.К.(21) и тримесечно бебе, сите од Неготино и Ш.М.(27) од Куманово биле пренесени во Медицински центар Велес, при што кај возачот Б.Д. и бебето биле констатирани тешки телесни повреди, додека кај останатите сопатници се констатирани телесни повреди. Во периодот од 19.05 до 23.40 часот, за време на вршење на увидот, железничкиот сообраќај бил во прекин.

На 13.05.2020 во 00.35 часот на ул.„Крушевска Република" во Струмица се случила сообраќајна незгода во која М.Т. (28) од Струмица, управувајќи мотоцикл „хонда", со бугарски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. По незгодата, М.Т. и сопатникот Ј.Д.(28) од Струмица биле префрлени во Медицински центар Струмица, каде на Ј.Д. му биле констатирани тешки телесни повреди, а на М.Т. телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Струмица.

На 13.05.2020 во 16.30 часот било пријавено дека во с.Лисец, тетовско, додека Б.Ј.(30) обработувал земја, пронашол една кородирана рачна бомба, без ознаки. Од страна на стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување Тетово експлозивната направа била подигната за понатамошна постапка.

На 13.05.2020 во 19.20 часот во СВР Скопје, К.Н. од Скопје пријавил дека во дворот од неговата куќа на ул.„Тодор Александров" во Скопје го пронашол Д.Ф.(83) од Скопје, за кој истиот ден било пријавено дека се одјавилил од домот.

На 13.05.2020 околу 14.15 часот на ул.„Страшо Пинџур" во Кавадарци, од страна на полициски службеници бил лишен од слобода Ѓ.Л.(51), бидејќи физички нападнал полициски службеник, кој извршувал службени дејствија. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.05.2020 во 21.35 часот во Полициското одделение Маврово било пријавено дека на регионален пат Маврово-Маврови Анови, на соседното седиште во паркирано патничко возило „тојота", со скопски регистарски ознаки, бил затекнат повреден М.В.(54) од Скопје. По кажување на возачот на возилото О.Р.(45) од Скопје, додека двајцата, заедно со Н.Д.(29) од с.Маврово, биле на место викано „Тонивода", атар на с.Галичник, каде пукале во мета, М.В. се повредил од ловна пушка карабин, состојбата е ОК. Повредениот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му била констатирана тешка телесна повреда. За настанот е известен Јавен обвинител, а од полициски службеници од СВР Тетово ловната пушка била подигната за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.05.2020 во 07.45 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(48) од Скопје, возач на автобус, пријавил дека околу 07.40 часот на автобуска постојка на бул. „Кузман Јосифоски Питу" се запалил автобус „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице. Според пријавеното, Д.Ј. се обидел да го изгаси пожарот, при што се здобил со повреди и бил пренесен Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.05.2020 во Полициска станица Битола, Д.С.(61) од с.Лавци, битолско, пријавил дека пред куќата каде што живее бил каснат од куќе во пределот на десната рака.

На 13.05.2020 во 18.15 часот во Полициската станица Центар, А.П.(24) од Скопје пријавила дека на бул.„Македонија" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на 13.05.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје 26 возила се подигнати со специјално возило „најак".

На 13.05.2020 околу 11.00 часот во СВР Охрид бил приведен З.К.(28) од охридското село Лескоец, бидејќи при преглед кај него полициски службеници пронашле и одзеле ножеви. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.05.2020 во Полициската станица Виница, од Итната медицинска помош Виница било пријавено дека околу 13.30 часот за укажување на лекарска помош се јавил К.К.(62) од Виница, кој се здобил со повреди при извршување работни задачи во фабрика во Виница. Увид на местото извршила увидна екипа од Одделението за внатрешни работи Виница и инспектор за заштита при работа.

На 13.05.2020 во 13.20 часот на ул.„Теодосија Пауновв" во Кочани, полициски службеник од Полициската станица Кочани дал знак за запирање на мотоцикл на кој се возеле две лица, но возачот не застанал, го удрил полициски службеник и го напуштил местото. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за расчистување на случајот.

На 13.05.2020 околу 13.30 часот на ул.„Лука Јеров", полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Р.(19), А.Р(44), С.Р.(65) и Е.Р.(21), сите од Скопје, бидејќи се однесувале агресивно и ги спречувале полициските службеници при извршување на работи од безбедноста, по претходно случена сообраќајна незгода на истата улица. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветен поднесок.

На 13.05.20202 во СВР Скопје било пријавено дека околу 09.45 часот на паркинг на бул.„Крсте Петков Мисирков" во Скопје, Е.И.(24) од Скопје испукал во воздух неколку куршуми од огнено оружје. Според пријавеното, настанот се случил по претходна расправија на Е.И. со Р.„Н", во врска со наплата за паркинг услуга. Увид извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.05.2020 во 11.00 часот во с.Жидилово, кривопаланечко, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка, запреле патничко возило „фолксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од О.М.(29) од Крива Паланка, а како сопатници биле затекнати лицата Г.Ѓ. од с.Жидилово и Х.С. од Крива Паланка. При проверка полициските службеници констатирале неисправности на возилото, по што возачот не ги потпишал документите. Притоа, од возилото излегол сопатникот Г.Ѓ. кој почнал да ги оналоважува полициските службеници и се јавил на керка му Ј.Ѓ. да донесе бензин. Додека полициските службеници влегувале со службеното возило, дошла Ј.Ѓ., која донела шише со бензин, по што О.М. го испрскал внатрешниот дел од возилото и го запалил, а возилото целосно изгорело. Била повикана екипа на Територијалната противпожарна единица Крива Паланка, а лицата биле приведени со Полициската станица Крива Паланка и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.05.2020 во 18.10 часот во СВР Тетово, Д.Г.(50) од гостиварското село Долна Бањица пријавил дека во кругот од старата касарна во село Долна Бањица во Гостивар бил пронајден починат М.З.(53) од истото село. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид на лице место на лице место извршиле увидна екипа од ОВР Гостивар и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 13.05.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје, А.Ј.(22) од Скопје пријавил дека на 12.05.2020 околу 16.30 часот пред продажен објект на ул.„1632", поради нерасчистени должинско-доверителски односи, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.05.2020 околу 17.30 часот во СВР Скопје, Ф.С.(20) од с.Ракотинце, скопско, пријавил дека околу 14.30 часот на ул.„Жан Жорес" во Скопје бил физички нападнат од М.Л. и К.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.05.2020 во 12.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Центар за безбедност лица „Чичино Село" во с.Сарај, скопско, по претходна расправија, 17 - годишник физички ја нападнал А.М.(54) од Скопје, вработена како одговорно лице во установата. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 13.05.2020 во 16.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.К.(70) од Скопје пријавил дека од неговиот дом се одјалечила Г.К.(46) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.05.2020 околу 11.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека од објект во изградба на ул.„Мара Угринова Гина" во Кичево паднал градежниот работник Д.К.(35) од Кичево. Тој бил префрлен во Регионален центар „Мајка Тереза" во Скопје, каде му биле констатирани тешки телесни повреди.

На 13.05.2020 во Полициската станица Кичево, М.М. (38) од Кичево пријавила дека на ул.„Живко Туфегиоски" во Кичево била касната од куче скитник на десната потколеница.

На 13.05.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.П.(76) од с.Црешево, скопско, пријавил дека од домот се одјалечил неговиот син С.П. (38). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против К.Н.(60) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опасност". На 16.04.2020 во дворот од неговата куќа на ул.„Моша Пијаде" во Прилеп, пријавениот со бензин запалил патничко возило „ ауди А4", со бугарски регистарски ознаки.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(30) од с.Долно Седларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 11.01.2020 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени 13 куршуми со калибар ППУ 7.62 ТТ мм, мобилен телефон и 720.000 денари.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против И.С.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 15.09.2019 сопатеникот Т.Б. од Прилеп ставил оглас на веб страна за рекламирање дека купува менувач за патничко возило ,,citroen". На огласот се јавил пријавениот и кажал дека бил сервисер и увозник на такви менувачи и дека ќе набавел и монтирал со гаранција од една година во износ од 15.000 денари и му предложил да наврави и серија на ребраст каиш со водена пумпа за цена од 11.000 денари, на што оштетениот се согласил. После тоа, во два наврати, Т.Б. уплатил вкупно 18.000 денари на жиро сметка на пријавениот и се договориле на 24.09.2019 да се сретнат на влезот од Прилеп, но пријавениот не се појавил, по што оштетениот заклучил дека бил измамен.

СВР Тетово, СВР Куманово и СВР Штип поднесоа 14 кривични пријави против: С.Б.(22), З.Г.(23), двајцата од с.Сенокос, гостиварско, Ј.С.(20), Н.Ш.(18), двајцата од Гостивар, С.Н.(23), С.М.(24), В.С.(29), Д.Д.(33), С.М.(47), сите пет од Куманово, И.П.(36) од Свети Николе, С.Б.(48) од Штип, К.Б.(21) од Кочани, Г.Б.(45) од с.Ратево, беровско, И.З.(20) од с.Панчарево, пехчевско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-конта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет